
Да се потсетиме:


Дурските скали со снижувалки се добиваат по квинтно тркало надолу (квартно тркало нагоре). Така, првата скала со снижувалка е F-dur, втората е B-dur (2 снижувалки), третата е Es-dur (3 снижувалки) итн. (види слика 1).

Слика 1




Минатата година се запознавте со првите две дурски скали со снижувалки:

Слика 2



Слика 3



Es-dur

Како што рековме, третата скала со снижувалки е Es-dur. Таа започнува и завршува со тонот „es“ кој е IV стапало во претходната скала (види слика 3). Es-dur има три снижени тонови (три предзнаци): првите два предзнаци („b“ и „es“) ги задржува од претходната скала (B-dur) и има еден нов снижен тон – „as“ (снижено „ла“). Распоредот на полустепените и степените е ист како во останатите дурски скали (помеѓу III-IV и VII и VIII стапало): помеѓу тоновите „g“ - „as“ и „d“ - „es“ (види табела 1).

Табела 1

I стапало	II стапало	III стапало	IV стапало	V стапало	VI стапало	VII стапало	VIII стапало
ми b	фа	сол	b ла	b си	до	ре	ми b
es	f	g	as	b	c	d	es


ПОЛУСТЕПЕН ПОЛУСТЕПЕН

Како што напомнавме на претходниоте часови, предзнаците можат да се напишат пред самите ноти (слика 4), но и на самиот почеток од петтолинието – веднаш по клучот (слика 5). Кога се пишуваат на почетокот од петтолинието, предзнаците треба да стојат на третата линија (на местото од тонот „си 1“), во четвртата празнина (на местото од тонот „ми 2“) и во втората празнина(на местото од тонот „ла 1“).

Слика 4




Слика 5



На сликата 6 можеме да видиме каде се наоѓаат тоновите од Es-dur скалата на клавијатурата.

Слика 6



Одговорете на прашањата:

1. **Која е по ред Es-dur скалата по квинтниот круг надолу (квартниот нагоре)?**
2. **Кои се предзнаците во Es-dur скалата?**
3. **Именувај ги тоновите на Es-dur скалата со абецеда.**
4. **Каде се пишуваат предзнаците на Es-dur скалата?**
5. **Кој тон е тоника во Es-dur скалата?**
6. **Кој тон е субдоминанта во Es-dur скалата?**
7. **Кој тон е доминанта во Es-dur скалата?**
8. **Кој тон е воѓица во Es-dur скалата?**

9. **Кој тон е II стапало во Es-dur скалата?**
10. **Кој тон е VI стапало во Es-dur скалата?**
11. **Кој тон е III стапало во Es-dur скалата?**
12. **Која композиција од долу наведените линкови најмногу ви се допаѓа?**

Линкови:

1. **https://www.youtube.com/watch?v=_L8OT4U6ljM ("E" Flat Major Piano Scale - Piano Scale Lessons)**
2. **https://www.youtube.com/watch?v=HZG-wdVWN54 (Бах/Гуно- Аве Марија- Es-dur)**
3. **https://www.youtube.com/watch?v=xohs6WGC1NA (Беговен- Менует во Es-dur)**
4. **https://www.youtube.com/watch?v=p29JUpsOSTE (Шопен- Ноктурно во Es-dur)**
5. **https://www.youtube.com/watch?v=dJPoGtpgPrU (Шопен- Валцер во Es-dur)**
6. **https://www.youtube.com/watch?v=oOEOb3Vmsls (Tonya Harding -In Eb major)**

Задачи:

1. **Научете ја Es-dur скалата (да ја препознавате и да ја пишувате) и да ги именувате тоновите .**
2. **Преслушајте ги содржините од приложените линкови.**
3. **Одговорете на поставените прашања.**
4. **Научете да ја пеете или свирите Es-dur скалата на некој музички инструмент или виртуелно пијано.**